Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-715/3
01-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 715/1 од 12.09.2023 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-715/1 од 28.09.2023 година од [redacted] од Охрид **поради неуредност.**

## Образложение

[redacted] со адреса на [redacted] Охрид, на 28.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-715/1, против Паркинзи на општина Центар.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката, а во однос на опис на настанот, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 09.10.2023 година до подносителот достави Барање бр. 08-715/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката согласно насоките во барањето.

Подносителот во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*